РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2356/3
16-10-2025 г.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2356/1 од 01.09.2025 година, со наводи за непреземање на дејствија од страна на државен управен инспектор по пријава за незаконско постапување на Управата за ///, подрачно одделение ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани околности кои ДКСК веќе ги има земено предвид при постапувањето по предмети со слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлуки од нејзина надлежност.

Предметот со број 12-2356/1 од 01.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 01.09.2025 година, поднесена е пријава со наводи за непреземање на дејствија од страна на државен управен инспектор по пријава за незаконско постапување на Управата за ///, подрачно одделение /// и оформен е предмет број 12-2356/1 од 01.09.2025 година.
Во пријавата подносителот наведува дека државниот управен инспектор /// не презела дејствија по приговор поднесен до Државниот управен инспекторат којшто бил заведен под број /// од /// година, во врска со наводи за незаконско постапување на Управата за ///, подрачно одделение ///, по предмет за приватизација со број /// од /// година. Подносителот на пријавата до ДКСК доставил копија од приговорот поднесен до Државниот управен

инспекторат. Видно од адресните податоци на овој приговор, истиот е доставен и до Инспекцискиот совет, до Управата за /// и до Државното правобранителство.
По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатираше дека околностите опишани во пријавата со број 12-2356/1 од 01.09.2025 година, а на кои се однесуваат предметните наводи, содржани се и во пријавата со број 12-5423/1 од 23.11.2023 година врз чија основа ДКСК има оформено предмет по кој има донесено одлука со број 12-661/5 од 17.06.2024 година, објавена на нејзината интернет страница, како и во пријавата со број 12-934/1 од 28.02.2024 година, врз чија основа ДКСК има оформено предмет по кој има донесено одлука со број 12-934/3 од 17.06.2024 година, исто така објавена на нејзината интернет страница.
ДКСК констатираше дека во текот на постапувањето по предметот со број 12-5423/1 од 23.11.2023 година веќе е утврдено дека над субјектот Управа за ///, подрачно одделение ///, од страна на Државниот управен инспекторат бил извршен инспекциски надзор, по пријава за незаконско постапување на овој субјект при постапување по предмет со број /// од /// година оформен по барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост поднесено од /// од ///, по кој Управата наводно не постапила согласно законските рокови при што Агенцијата за катастар на недвижности извршила прибележување на барањето за приватизација 25 месеци по истекот на законски пропишаниот рок. При надзорот на Државниот управен инспекторат од страна на државниот управен инспектор не биле утврдени неправилности во однос на наводите изнесени од подносителот на пријавата.

Следствено, ДКСК оцени дека во случајот нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани околности кои ДКСК веќе ги има земено предвид при постапувањето по предмети со слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлуки од нејзина надлежност.
Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата